Текст: Владимир Илиевски
Илустрации: Александар Сотировски



# ДЕНОТ НА ПЕЦЕ

Оригиналот е издаден од:
International Step By Step Association
Keizersgracht 62-64
1015 CS Amsterdam
The Netherlands
www.issa.nl
This book is a publication of the Reading Corner project
Text copyright © 2004 Vladimir Ilievski
Illustrations copyright © 2004 Aleksandar Sotirovski
Издавач за Македонија:
Фондација за образовни и културни иницијативи
„Чекор по чекор“ – Македонија

Превод од англиски на македонски:
Фондација за образовни и културни иницијативи
„Чекор по чекор“ – Македонија

Лектура:
Ема Маркоска

Текст: Владимир Илиевски
Илустрации: Александар Сотировски



# ДЕНОТ НА ПЕЦЕ

## СЕДУМ ЧАСОТ НАУТРО

Низ прозорецот Сончко
светлина прати, треба
да станам – Пеце веднаш
сфати. Се прозева слатко
и станува без мака, новиот
ден да го зграпчи сака.



### ОСУМ ЧАСОТ НАУТРО

Со паста и четка запчиња мие,
со сапунче уши и лице трие.
Хигиената половина здравје е,
тој тоа добро го знае.



## ДЕВЕТ ЧАСОТ ПРЕТПЛАДНЕ

Сладок појадок приготвила
мама лепче, млекце и вкусна
салама. Брзо лапна се, уште
лепче бара секогаш е гладен,
тоа приказна е стара.



**ДЕСЕТ ЧАСОТ ПРЕТПЛАДНЕ**

На полјанка зелена со
другарчиња свои, веселиот
Пеце планови за игри крои.
Времето е прекрасно, секое
цвеќе цвета, топката се
тркала, високо змејот лета.



## ЕДИНАЕСЕТ ЧАСОТ ПРЕТПЛАДНЕ

Прегладнет Пеце кон својот дом
ита, го чека сокче и овошна пита.
За нови игри тој собира сила,
вкусната ужина за тоа дава крила.



## ТРИ ЧАСОТ ПОПЛАДНЕ

Преморен тато од работа се враќа, бакнеж и поздрав со своето синче праќа.
“Ќе ми раскажеш ли тато приказна една? Немоќен да одбие тој во фотелја седна.”



## ЧЕТИРИ ЧАСОТ ПОПЛАДНЕ

Изморен Пеце од играта бесна,
по ручекот прилегна, за починка
лесна. Сликовница листа, слатко
се смее, другарството со книгата
убаво му е.



## ШЕСТ ЧАСОТ ПОПЛАДНЕ

Ѕвонче ѕвони, кој ли иде? Бабичка тоа мора да биде. Нестрпливо Пеце да го види сака прекрасниот подарок во нејзината рака.



СЕДУМ ЧАСОТ НАУТРО

Низ собата ширна смеа се лее, пред телевизорот Пеце седи и се смее. Цртан филм гледа, не трепнува за миг, Мики Маус е неговиот омилен лик.



ОСУМ ЧАСОТ НАВЕЧЕР

Мракот полека небото го
зави кога на перниче глава
Пеце стави. Низ царството на
сништата патува тој, воден од
Месечко и ѕвезди безброј.



USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

MEMBER OF ISSA

ФОНДАЦИЈА ЗА ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНИЦИЈАТИВИ
FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES
ЧЕКОР ПО ЧЕКОР • STEP BY STEP



www.stepbystep.org.mk